РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR PËR ENERGJETIKË DHE SHËRBIME TË UJIT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 12-1054/2
11-05-2022
20 год.-viti

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15, а во врска со член 94 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 мај 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за одобрување на Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период од 2023 до 2027 година

1. Се одобрува усвоениот План за развој на електродистрибутивниот систем за период од 2023 до 2027 година, доставен од страна на Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТИРБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТИРБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Планот за развој од точка 1 од оваа одлука да го објави на својата веб страница.
3. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

## Образложение

Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТИРБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје) на 16 ноември 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) го достави на одобрување Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период од 2023 до 2027 година (во понатамошниот текст: План за развој) бр. 12-2689/1 од 16 ноември 2022 година.

На 29 ноември 2022 година, во Стопанската комора на Република Северна Македонија се одржа јавна расправа по Планот за развој.

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа Планот за развој и до ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје достави допис бр. 12-2689/2 од 16 декември 2022 година со коментари и забелешки по Планот за развој, во кој побара ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје да ги имплементира забелешките и повторно да го достави Планот за развој за одобрување.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, по усогласување со Регулаторната комисија за енергетика, постапи по забелешките на Регулаторната комисија за енергетика и го достави на одобрување План за развој на електродистрибутивниот систем за период 2023-2027 година бр. 12-1054/1 од 3 мај 2023 година заедно со известување дека Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2023-2027 година е донесен од страна на управителите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје на 24 април 2023 година.

Согласно член 94 став (2) од Законот за енергетика* Операторот на електродистрибутивниот систем е должен секоја година да подготви план за развој на системот за период од следните пет години, во кој треба да бидат содржани информации за развојот на електродистрибутивниот систем во согласност со барањата утврдени во мрежните правила за дистрибуција и со доставените информации од надлежните институции за потребите од

приклучување нови корисници на електродистрибутивната мрежа, како и потребите и можностите за изградба и приклучување постројки за складирање електрична енергија.

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15, а во врска со член 94 став (2) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика го разгледа и одобри Планот за развој на електродистрибутивниот систем за период 2023-2027 година седницата одржана на 11 мај 2023 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-1054/2**
**11 мај 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Изготвил: Елена Колевска
Контролирал: Марија Николовска